АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Ноември 2024** **Бр.11**

## Отворена Јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата и Нацрт-годишните планови за вршење административен надзор и програмски надзор за 2025 година

На 43 седница одржана на 19 ноември 2024, Советот на Агенцијата ги усвои Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2025 година и Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2025 година.

За текстовите на Нацрт-документите отворена е јавна расправа за која Агенцијата ги повикува сите заинтересирани страни со свои мислења и предлози во писмена форма, да учествуваат во јавната расправа и истите да ги достават по електронски пат на contact@avmu.mk или по пошта на ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје. Јавната расправа ќе трае до 19 декември 2024 година.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и даватели на АВМУ по барање

### Радиодифузери

Редовни програмски надзори за повеќе законски обврски - правила при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетните лица од програми што би можеле да им наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, заштита на личните податоци на малолетните лица, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 6 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 30% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела се извршени врз ТВ Протел, ТВ Дуе, ТВ Њуз, ТВ Спектра,ТВ Свет, ТВ КТВ, ТВ Едо, ТВ Кобра, ТВ Коха, ТВ Стар и ТВ Вистел. При надзорите се констатирани повеќе прекршувања: ТВ Стар, ТВ Протел, ТВ Дуе, ТВ Њуз, ТВ Спектра и ТВ Свет ги прекршиле правилата за заштита на малолетната публика, на програмата на ТВ Спектра, ТВ Дуе и ТВ КТВ не се почитувани правилата за употреба на јазикот во програмата, односно обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела не беше исполнета и кај ТВ Њуз, ТВ Едо и ТВ Дуе.

Врз истите радиодифузери спроведен е и редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации кои треба да се достават до корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзор е констатирано дека ТВ Дуе и ТВ Њуз не ги обезбедиле информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, додека ТВ Њуз дополнително не ги има објавено податоците за импресум на повеќе емитувани програми.

Редовен административен надзор е извршен врз сите 93 радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радио програма, за обврската според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година, да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да доставаат до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Со надзорот беше констатирано дека обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми не ја исполни ТВ Канал Вис од Струмица.

Редовен административен надзор за исполнувањето на обврските од членот 62 став 6 од ЗААВМУ и членовите 21 и 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз ТВ Гурра, ТВ Клан Мацедониа и Радио Галакси-2002. Со надзорот е констатирано дека радиодифузерите ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Македонски Телеком, Датаком ЈВ, Неотел за обврската во програмскиот пакет којштo го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. Со надзорот беше констатирано дека операторот Неотел на 5 ноември за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Gametoon“ и „MTV Europe“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Извршен е и контролен програмски надзор врз операторите Неотел, МТЕЛ, Нафи и Беко и Дрим Сат ИПТВ за да се утврди дали операторот постапил по мерката јавна опомена упатена заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, согласно член 141 од ЗААВМУ. Надзорот покажа дека операторите во целост постапиле по решенијата упатени од Агенцијата.

Врз основа на доставената информација од страна на имателот на права „TRING TV Albania“, извршен е вонреден програмски надзор врз операторот Глобалсат со цел да се утврди дали ги реемитува програмските сервиси од Tring пакетот, за кои не се регулирани авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права. Надзорот покажа дека операторот не ги реемитува програмските сервиси од пакетот на Tring.

## Даватели на АВМУ по барање

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела и заштита на малолетните лица, извршен е редовен програмски надзор врз давателите на АВМУ по барање А1 Македонија, Свод Мастер, Македонски Телеком и МТЕЛ. При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

## Изречени мерки јавна опомена

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 15 ноември изрече осум мерки јавна опомена, од кои на операторот Неотел заради реемитувањето на програмските сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ, на ТВ Клан Мацедониа заради неозначени промотивни најави за игран серијал со сигнализацијата за заштита на малолетните лица, на ТВ Сител, ТВ Сонце, ТВ Шења и ТВ Компани 21-М поради неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+).

Дополнително за ТВ Компани 21-М мерката јавна опомена е изречена поради необезбедување превод на албански или на македонски јазик, додека за ТВ Шења поради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018